РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 60 - 407/2

23.01.2026 година

СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019, 110/2019 и 121/2024), член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/2019), член 15 став 2 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 276/24), член 17 став 7 вод Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019, 14/2020 и 208/2024), а во врска со Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" број 242/2024) на ден ______.______.2026 година, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**

Член 1

Во Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија бр.53-1942/3 од 19.02.2025 година,

Член 2

Во членот 14 став 1, точките 13, 14 и 15 се менуваат и гласат:

13. Кабинетски службеник за стручна поддршка во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања;
14. Кабинетски службеник за логистичка поддршка во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања;
15. Кабинетски службеник за оперативна поддршка во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања;

Член 3

Во членот 14 став 2, точките 13, 14 и 15 се менуваат и гласат:

13. Посебен советник за координација на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања;

14. Посебен советник за анализа на политики во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања;
15. Посебен советник за следење на политики во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања;

Член 4

Во членот 14, кај редниот број 13 со шифра УПР 01 01 Б01 000 и назив државен советник за информатичка технологија, во делот вид на образование по зборовите „Инженерство и технологија-Електротехника, Електроника и Информациско инженерство" се додаваат и зборовите „ и Машинство".

Член 5

Во членот 14, во точка 1. Сектор за човечки ресурси, кај редниот број 21 со шифра УПР 01 01 Б03 000 и назив помошник раководител на сектор за оценување и стручно оспособување, во делот назив на работното место зборовите „помошник раководител на сектор за оценување и стручно оспособување " се заменуваат со зборовите „ помошник раководител на сектор за човечки ресурси, за оценување и стручно оспособување".

Член 6

Во членот 14, во точка 5. Сектор за работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата, во потточка 5.5. Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, кај работното место со редниот број 117 со шифра УПР 01 01 В03 000 и ниво „В03 (Стручен – III ниво) со звање виш соработник и назив виш соработник за стручно-административна и оперативна поддршка се врши исправка во делот шифра и ниво и истото гласи: шифра „ УПР 01 01 В02 000 " и ниво „ В02 (Стручен – II ниво)".

Член 7

Овој Правилник влегува во сила по добиена писмена согласност од Министерството за јавна администрација и со објавувањето на огласната табла и на интернет страницата на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Игор Јанушев
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвила: Светлана Ристевска, помошник раководител на сектор
Контролирал: Драгана Алексовска, помошник раководител на сектор
Согласен: Оливер Стефаноски, раководител на сектор

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 29.01.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlerë: |
| 60-407/3 | | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

**До: Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија**

**Архивски број: 09-333/2**
**Датум: 27.01.2026година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 20 и член 28 точка 6 од Законот за именување и дополнување на Законот за организација и работа на органите („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 121/24) Министерството за јавна администрација дава:

СОГЛАСНОСТ
**на**

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во **Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија, со архивски број 60-407/2 од 23.01.2026 година**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија,** поднесе барање до Министерството за јавна администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места .

Министерството за јавна администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за јавна администрација**

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за јавна администрација дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во **Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија, со архивски број 60-407/2 од 23.01.2026 година.**

**Со почит,**

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Скопје-Shkup

Подготвил: Елена Панова
Контролирал: Ана Чубриноска, РО
Согласен: Емилија Чукиќ,ПРС

Одобрил: Маја Рисова Мутлулар


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk